Буде/ѓуле
11/01/2021


Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика
Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Inspektorati shtetëror i punës


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
KESHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено / Pranuar: | 11.01.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numer | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 10 | 43/1 | | |

Архивски број: 08-46
08 JAN 2021 2020 година, Скопје

До: Инспекциски Совет на РСМ

Предмет :Доставување на Програма за испит за лиценца за инспектор за труд
- практичен дел

Почитувани,

Врз основа на член 43 став 5 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/2019) и Правилникот за начин на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19), Државниот инспекторат за труд Ви ја доставува Програмата за испит за лиценца за инспектор за труд- практичен дел.

Со почит,

В.Д. Директор

---------------------------------------

Јована Тренчевска

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

# Програма за испит за лиценца за инспектор за труд- практичен дел

Дел. Бр. 08-46

Датум: 08 JAN 2021

Место: Скопје

(м.п.)

Јована Тренчевска

В.Д. Директор на

Државен инспекторат за труд

[потпис]

Врз основа на член 43 став 5 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/2019) и Правилникот за начин на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19), Директорот на Државниот инспекторат за труд донесува :

## Програма за испит за лиценца за инспектор за труд- практичен дел

## ВОВЕД

Програмата за испит за лиценца – практичен дел за инспектор е подготвена врз основа на член 43 став (5) од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на РСМ" бр. 102/2019), и Правилникот за начин на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ( Сл. Весник на РСМ бр. 238/19)

Програмата ги содржи темите за практичен дел од испит за лиценца за инспектор согласно активности, работи, работни задачи и обврски кои произлегуваат од описот на работно место инспектор за труд од областа на работни односи и инспектор за труд од област на безбедност и здравје при работа во Државен инспекторат за труд како и начинот на спроведување на практичниот дел од испитот кој е во согласност со Правилникот за начин на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ( Сл. Весник на РСМ бр. 238/19)

Законска регулатива според која се спроведува Програамата за испит за ликценца за инспектор за труд е следната:

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ОД ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР ЗА ТРУД ОД ОБЛАСТ БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

-Закон за безбедност и здравје при работа (Сл весник на РМ 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015, 30/2016, 18/2020).

-Закон за заштита од пушење (Службен весник на Република Македонија бр.36/1995, 70/2003, 29/2004, 37/2005, 103/2008, 140/2008, 35/2010, 100/2011 и 157/2013 год.)

- Закон за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Република Македонија бр.37/16), (Службен весник на РСМ бр. 257/20)

-Правилник за мерки за заштита, при работа со екрани ("Службен весник на РМ" бр.115/05),

-Правилник за личната заштитна опрема која вработните ја употребуваат при работа ("Службен весник на РМ" бр.116/2007)

-Правилник за безбедност и здравје при работа при употреба на опрема за работа ("Службен весникна РМ" бр.116/2007)

-Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на РМ" бр.107/19)

–Правилник за изменување на правилник за знаци за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на РМ" бр.238/19)

-Правилник за начинот на водење евиденција во областа на безбедност и здравје при работа ("Службен весник на РМ" бр.136/07)

-Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар ("Службен весник на РМ" бр.135/07)

-Правилник за формата и содржината на образецот за известување за започнување со вршење на дејност ("Службен весник на РМ" бр.136/07)

-Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава ("Службен весник на РМ" бр.21/08)

-Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа за привремени мобилни градилишта ("Службен весник на РМ" бр.105/08)

-Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор ("Службен весник на РМ" бр.154/08)

-Правилник за условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи ("Службен весник на РМ" бр.37/08)

-Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации ("Службен весник на РМ" бр.26/08)

-Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на физички агенси (вештачко оптичко зрачење) ("Службен весник на РМ" бр.132/12)

-Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени во рударство со површинска и подземна експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 64/12)

-Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените на рибарски бродови ("Службен весник на РМ" бр.79/13)

Правилник за висина на трошоци за извршување на стручни работи за безбедност при работа ("Службен весник на РМ" бр.275/19)

-Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог ("Службен весник на РСМ" бр. 173/2020)

- Уредба за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените ("Службен весникна РМ" бр.60/13)

-Уредба за дополнување на Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените ("Службен весник на РМ" бр.168/14)

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ОД ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР ЗА ТРУД ОД ОБЛАСТ РАБОТНИ ОДНОСИ

- Закон за работни односи ("Службен весник на РМ" бр 167/15), ("Службен весник на РМ" бр 27/16), ("Службен весник на РМ" бр 120/18)
- Закон за практикантство (98/19)
- Закон за инспекција на трудот ("Службен весник на РМ" бр 35/97), (консолидиран текст 2017)
- Закон за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на РМ" бр 44/2000) (консолидиран текст 2016), (99/18)
- Закон за празниците на република Македонија ("Службен весник на РМ" бр 21/98)
- Закон за волонтерство (консолидиран текст 2017)
- Закон за вработување и работа со странци ("Службен весник на РМ" бр 217/2015)

- Закон за европски работнички совет (2017)
- Закон за минимална плата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр 90/18)
- -Закон за заштита од вознемирување на работно место("Службен весник на РМ" бр 79/13), ("Службен весник на РМ" бр 147/15)
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност ("Службен весник на РМ" бр 199/14), ("Службен весник на РМ" бр 147/15)
- Закон за приватните агенции за вработување ("Службен весник на РМ" бр 113/18),( "Службен весник на РМ" бр 18/20)
- Закон за евиденција од областа на трудот(Сл.Весник на РМ бр. 31/13)
- Закон за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Република Македонија бр.37/16), (Службен весник на РСМ бр. 257/20)
- Општ колективен договор за приватниот сектор ("Службен весник на РМ" бр 88/09), ("Службен весник на РМ" бр 150/12), ("Службен весник на РМ" бр 115/19)
- Општ колективен договор за јавен сектор ("Службен весник на РМ" бр 10/08), ("Службен весник на РМ" бр 85/09)

## ТЕМИ ЗА ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ОД ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА НА ИНСПЕКТОР

**ТЕМА 1**

**Инспекциски надзор во правен субјект кој врши административна дејност**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор .
- документирање на инспекциски надзор

**ТЕМА 2**

**Инспекциски надзор во правен субјект кој врши угостителска дејност**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор,
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор.
- документирање на инспекциски надзор

**ТЕМА 3**

**Инспекциски надзор во правен субјект кој врши производствена дејност**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор,
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор.
- документирање на инспекциски надзор

**ТЕМА 4**

**Инспекциски надзор во правен субјект кој врши дејност трговија на големо**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор,
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор.
- документирање на инспекциски надзор

**ТЕМА 5**

**Инспекциски надзор во правен субјект кој врши дејност градежништво**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор,
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор.
- документирање на инспекциски надзор

**ТЕМА 6**

**Координиран инспекциски надзор во правен субјект кој врши дејност транспорт и складирање**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор,
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор.
- документирање на инспекциски надзор

**ТЕМА 7**

**Координиран инспекциски надзор во правен субјект кој врши дејност транспорт и складирање**

- планирање и подготовка за инспекциски надзор,
- спроведување на инспекциски надзор,
- затворање на инспекциски надзор.
- документирање на инспекциски надзор

# НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ВО ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

**Цел**

Цел на практичниот дел од испитот е да се изврши проверка на оспособеноста на кандидатот за инспектор, за самостојно вршење на работите поврзани со инспекцискиот надзор, за кои се обучувал за време на практичната работа и обуката на работното место

**Организација**

Практичниот испит се организира и спроведува од страна на Државниот инспекторат за труд преку Комисија за полагање на практичен испит формирана од Директорот на државниот инспекторат за труд, во кој учествуваат:
- менторот на кандидатот за инспектор,
-двајца инспектори од инспекциската служба, (од кои еден раководен инспектор) и членот на Инспекциски Совет надлежен за Државниот инспекторат за труд

**Рокови - временска рамка**

Практичниот испит се полага најрано до 15 дена пред истекот, а најдоцна до истекот на практичната работа и обука на работното место.
Менторот на кандидатот за инспектор, најдоцна до 45 дена пред истекот на практичната работа и обука на работното место, писмено го известува Директорот на Државниот инспекторат за труд за потребата од организирање и спроведување на практичен испит.
Врз основа на писменото известување, Директорот на Државниот инспекторат за труд ги определува времето и местото за полагање, и за тоа најдоцна до 30 дена пред терминот за одржување на испитот, писмено го известува кандидатот за инспектор и Комисијата за полагање на практичниот испит.

**Спроведување на практичниот дел од испит**

Практичниот испит се состои од самостојно спроведување на симулиран инспекциски надзор, со коефициент на сложеност соодветен на нивото на кандидатот за инспектор
Вкупниот збир на бодови за практичниот испит изнесува 90, и тоа:
- планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови,
- спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- затворање на инспекциски надзор – 30 бодови.
- документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.

Испитот се смета за положен, доколку кандидатот за инспектор освои најмалку две третини од вкупниот збир на бодови, односно најмалку 60 бодови, при што е потребно да има

освоено најмалку половина од бодовите за секоја фаза од бодирањето.
Комисијта составува чек листа за извршеното бодирање и истата е составен дел на записникот.

Резултатот, односно бројот на освоени бодови, како и исходот од полагањето на испитот – положен/неположен, е достапен за кандидатот најдоцна три дена по завршувањето наиспитот.
Времетраењето за полагање на практичниот дел од испитот изнесува вкупно шест часа, при што поединечното времетраење на секоја од наброените фази не може да изнесува повеќе од 90 минути.

За спроведениот практичен испит, од страна на Комисијата се составува Записник кој ги содржи следните податоци: датум, време и место на одржување на испитот, состав на Комисијата, листа на кандидати за инспектор кои го полагале испитот со освоените бодови и вкупниот исход и печат на инспекциската служба.
Записникот , се објавува на интернет страницата на Државниот инспекторат за труд и на Инспекцискиот совет

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Материјалните услови и финансиски средства кои се потребни за реализација на програмата за Практичен дел од испитот за стекнување на лиценца заинспектор за труд ги обезбедува Државниот инспекторат за труд.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Ова програма стапува во сила со денот на нејзиното донесување